Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup
Бр. / Nr. 08-136/3
15-02-2024 20 __ год. / viti

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА со АКЦИСКИ ПЛАН

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | **08-136/3** | **Даниела Рендевска** |
| | | [име и презиме] |
| Датум: | **15.02.2024** | **Претседател** |
| | | [функција] |
| Место: | **Скопје** | (м.п.) |
| | | [потпис] |

## Содржина

1. Извршно резиме ........ 2
2. Вовед ........ 3
3. Мерки и активности за реализација на Планот ........ 5
3.1. Планирање врз основа на проценка на ризик ........ 5
3.2. Листи за проверка ........ 6
3.3. Стручно усовршување и обука на инспектори ........ 6
3.4. Постапување по претставки од физички и правни лица ........ 7
3.5. Автоматизација на инспекциското работење преку електронскиот систем „е-Инспектор“ ........ 8
3.6. Јакнење на интегритетот на вработените ........ 10
3.7. Воспоставување на систем за заштита на личните податоци ........ 12
3.8. Спроведување на активностите од Националната стратегија за борба против корупцијата 2021-2025 ........ 13
3.9. Зголемување на транспарентноста на институцијата и пристап до информации од јавен карактер ........ 14
3.10. Спроведување и надзор на јавните набавки ........ 14
3.11. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка со домашни и странски институции во борбата против корупцијата и криминалот ........ 15

## 1. Извршно резиме

Врз основа на Заклучокот број 41-17/55 од 28 јуни 2022 година, донесен од Владата на Република Северна Македонија, а согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација), во однос на Препорака II, Инспекцискиот совет го донесе Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2024 година (во натамошниот текст: „План").

Инспекцискиот совет е колегијален самостоен орган на државната управа, составен од претседател и шест члена, кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од четири години. Законските надлежности, утврдени со Законот за инспекциски надзор, Инспекцискиот совет ги спроведува, пред се, преку следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор. Исто така, Советот креира клучни производи и услуги (како што е воспоставувањето на електронскиот систем „е-Инспектор"), дава мислења за извештаите на инспекциските служби, дава мислење за методологиите за проценка на ризик, донесува стратегија за обуки на инспекторите, додека пак, преку постапувањето по претставки доставени од физички и правни лица, ги лоцира можните неправилности во работењето на конкретни инспектори, прибира податоци, ги анализира и презема мерки, во ситуации во кои наводите се потврдени, со цел зголемување на довербата кај граѓаните во севкупниот инспекциски систем.

Мисијата на Инспекцискиот совет е обезбедување на владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, унапредување на заштита на здравјето и животот на луѓето, заштита на животната средина и унапредување на конкурентен економски амбиент.

Визијата на инспекцискиот совет е модерен, функционален и ефикасен инспекциски систем, кој се потпира на најдобрите национални и меѓународни практики, во кој веруваат и граѓаните и економските оператори во Република Северна Македонија.

Планот е изготвен согласно визијата за општество засновано на највисоки етички вредности и интегритет, што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите права и слободи. Со реализацијата на целите и мерките од Планот треба да се обезбеди подигнување на довербата во институциите на системот, ефикасно користење на јавните ресурси и јакнење на демократијата, општествените вредности и остварување на човековите права.

Главни цели на Планот се обезбедување на следните вредности во работењето:

- ✓ Транспарентност
- ✓ Отчетност
- ✓ Сигурност
- ✓ Општествена одговорност
- ✓ Учество на јавноста
- ✓ Почитување на законите

## 2. Вовед

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права, поради ерозија на општествените вредности. Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, корупцијата е дефинирана како: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба, за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", додека, пак, судир на интереси претставува: „состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае, врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни организации, континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Инспекцискиот совет, како креатор на политики, кој има надлежности врз 28 инспекциски служби, од кои 15 функционираат како државни инспекторати, а 13 како организациски единици во други органи на државната управа, има влијание врз спречувањето на појавата на ризиците за корупција во државата.

Примарната цел на Инспекцискиот совет е преку реформи во инспекцискиот систем да придонесе за унапредување на капацитетот на службите задолжени за владеење на правото, за заштита на правата на граѓаните, заштита на животот и здравјето, заштита на конкурентноста на пазарот и заштита на фискалните интереси на државата.

Стремежот на Инспекцискиот совет е преку спроведувањето на реформите во инспекцискиот систем на Република Северна Македонија, да ја врати довербата на граѓаните и бизнис секторот во инспекциските органи, кои со зајакнати и реформирани капацитети ќе ја унапредат примената на регулативата, како и заштитата на правата на сите вклучени страни. Крајната цел е изградба на систем кој гарантира стручна, професионална, ефикасна, политички неутрална, етична и пред се сервисно ориентирана инспекциска служба, во која вработувањето и напредувањето во кариерата ќе се заснова и ќе зависи само од способностите на инспекторите.

На 30.11.2019 година, започна да се применува новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), со кој јасно се утврдуваат правата и обврските на субјектите на надзорот; намалување на рестриктивноста и репресивноста, како и на обврските на инспекциските служби кон Советот; комплементарно регулирање на статусните прашања на инспекторите; поедноставување на постапката за лиценцирање на инспектор; воведување на нов концепт на инспекциски надзор преку

планирање врз основа на процена на ризик; олеснување и поголема правна сигурност за субјектите на надзор (пред се од приватниот сектор), со воведување на унифицирани правила за надзор и задолжителност на листи за проверка при редовниот надзор.

Инспекцискиот совет, во континуитет, остварува активна соработка во насока на промоција и изнаоѓање на механизми за подобрување на инспекцискиот систем, притоа наоѓајќи најдобри практики и докажани решенија кои се апликативни за нашиот систем, размена на информации и искуства, па и во насока на обезбедување на дополнителни финансиски и друг вид на средства, за подобрување на самиот систем.

## 3. Мерки и активности за реализација на Планот

Со донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор, воведен е нов концепт на планирање на инспекцискиот надзор врз основа на процена на ризик, а преку воспоставување на информацискиот систем за инспекциски надзор, кој ќе биде целосно интегриран во информацискиот систем на државната управа, односно преку платформата за интероперабилност ќе биде поврзан со другите информациски системи, ќе се овозможи разменување на податоци и информации. Овој концепт има цел да постигне поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност на субјектите на надзор, но и да ги унапреди механизмите за вршење на инспекцискиот надзор, како основа на борбата против корупцијата. Во таа смисла, клучните мерки и активности на Инспекцискиот совет во борбата за спречување на корупцијата, вклучуваат:

- Планирање врз основа на проценка на ризик
- Листи за проверка
- Стручно усовршување и обука на инспектори
- Постапување по претставки од физички и правни лица
- Автоматизација на инспекциското работење преку електронскиот систем „е-Инспектор"
- Јакнење на интегритетот на вработените
- Воспоставување на систем за заштита на личните податоци
- Спроведување на активностите од Националната стратегија за борба против корупцијата 2021-2025
- Зголемување на транспарентноста на институцијата и пристап до информации од јавен карактер
- Спроведување и надзор на јавните набавки
- Зајакнување на меѓуинституционалната соработка со домашни и странски институции во борбата против корупцијата и криминалот

### 3.1. Планирање врз основа на проценка на ризик

Планирањето на инспекцискиот надзор се заснова на проценката на ризикот, која е детално регулирана во член 32 од Законот за инспекциски надзор. Проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба и во себе вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според методологија за проценка на ризик, која ја донесува раководителот на инспекциската служба, по претходно мислење на Советот.

Сите 28-те инспекциски служби под јурисдикција на Инспекцискиот совет, веќе ја имаат подготвено и донесено Методологијата за проценка за ризик.

Ова е клучна алатка, со која треба да се обезбеди транспарентност, предвидливост и правна сигурност на субјектите на надзор.

## 3.2. Листи за проверка

Листата за проверка, уредена со член 70 од Законот за инспекциски надзор, е стандардизирана алатка за организација, планирање и спроведување на ефективен и ефикасен инспекциски надзор, која обезбедува транспарентност во постапката за инспекциски надзор. Листата за проверка има и едукативна цел, односно на субјектот на надзор му овозможува запознавање со конкретните законски обврски и барања за усогласеност и влијае врз зголемување на информираноста и свесноста кај субјектите на надзор и нивното доброволно усогласување. Листите за проверка се задолжителни при редовен инспекциски надзор.

Листите за проверка за соодветните области, ги донесува секоја инспекциска служба во рамките на нејзината надлежност. Тие се објавуваат на веб страницата на инспекциската служба, како и на веб страницата на Инспекцискиот совет. Со поддршка на Инспекцискиот совет, во текот на 2020 година, се подготвени вкупно 187 листи за проверка.

## 3.3. Стручно усовршување и обука на инспектори

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор е воспоставен целосно нов систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво. Системот ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, како една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

Овој систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби, го воспоставува и одржува Инспекцискиот совет, кој е задолжен да обезбеди дека инспекторите ќе се стекнат со нови и современи знаења и вештини, кои се од суштествено значење за нивната работа и кои значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација.

Во текот на 2023 година, преку самостојно учење на ЛМС платформата односно преку електронскиот систем за управување со стручното усовршување и обука на инспекторите, Инспекцискиот совет спровел генерички обуки за инспекторите, при што се издадени 2.998 сертификати за успешно реализирани генерички обуки.

Оваа активност продолжува и во 2024 година, за што Инспекцискиот совет на 15.6.2023 година донесе Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година, која вклучува петнаесет теми, и тоа:

Тема 1.1 – Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 1.2 – Инспекциски надзор

Тема 1.3 – Начела и организација,постапки,одговорност и санкции

Тема 1.4 – Постапување по претставки и предлози,прекршочни одредби

Тема 1.5 – Канцелариско работење, архивско работење

Тема 1.6 – Компјутерска обработка на текст

Тема 1.7 – Компјутерска обработка и табеларни пресметки

Тема 1.8 – Етика

Тема 1.9 – Управување со време

Тема 1.10 – Комуникација

Тема 1.11 – Управување со стрес

Тема 1.12 – Изработување на управни акти

Тема 1.13 – Спречување на корупција

Тема 1.14– Систем на интегритет во инспекциските служби

Тема 1.15– Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор

## 3.4. Постапување по претставки од физички и правни лица

Инспекцискиот совет, во согласност со законските надлежности, секојдневно постапува по претставки од физички и правни лица, кои се поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и субјектите на инспекциски надзор.

Во ноември 2020 година, Инспекцискиот совет ја пушти во употреба новата веб страница (https://is.gov.mk), која е организирана на начин кој обезбедува полесна достапност на информациите кои се структурирани според целни групи. Веб страницата вклучува и електронска алатка за поднесување на претставки и предлози до Инспекцискиот совет, кои се поврзани со неправилности, недостатоци, ненавремено постапување или корупција во врска со работата на инспекторите и инспекциските служби.

Оваа електронска алатка е исклучително важна за Инспекцискиот совет, со оглед дека во неговата внатрешна организациска структура нема посебна единица за борба против корупцијата и/или организираниот криминал. Во систематизацијата на Инспекцискиот совет е предвидено работното место Советник за претставки и предлози, а чии работни задачи вклучуваат преземање на дејствија и активности за обезбедување на потребни податоци за утврдување на основаноста на претставките кои се однесуваат на работата на инспекторите, како и подготвување на налози за единечен и заеднички вонреден инспекциски надзор над работата на субјекти, за кои има сознанија дека работат спротивно на закон и/или спротивно на јавниот интерес утврден со закон.

Во текот на  2023 година, Инспекцискиот совет разгледал вкупно 496 претставки што претставува згомеување од 3 % на вкупниот број на пристигнати претставки во во однос на 2022 година (481). Тоа упатува на зголемување на довербата која граѓаните ја имаат во Инспекцискиот совет и препознавање на неговата улога во инспекцискиот систем на Република Северна Македонија.

Имено, иако идејата на новиот ЗИН е дисциплинските постапки, како прашање кое е дел од комплексот на прашања поврзани со управувањето со човечките ресурси, е тие да се водат во инспекциската служба во која е вработен инспекторот, се чини дека одредбата од Законот за административните службеници, со која за тоа прашање одлучува раководното лице на институцијата, создава потешкотии и ја доведува во сомнеж непристрасноста на инспекциските служби. Ова е особено важно, бидејќи Советот, пред да поднесе иницијатива за отпочнување на дисциплинска постапка против инспектор, вложува сериозни напори и ресурси, прибира и анализира обемни материјали кои произлегуваат од постапувањето и врз основа на тоа се донесува одлука на седница. Оттука, Советот смета дека ваквата иницијатива поднесена до раководното лице на инспекциската служба, треба да има задолжителност за спроведување на дисциплинската постапка против инспекторот.

## 3.5. Автоматизација на инспекциското работење преку електронскиот систем „е-Инспектор“

Системот е-Инспектор е стратешка определба на Инспекцискиот совет, вградена во Законот за инспекциски надзор и е најсеопфатен и најважен инструмент во борбата за спречување на корупцијата и кој овозможува:

- Подобрена ефикасност и конзистентност преку воспоставување на една „точка на контакт“;
- Подобрена размена на информации преку воспоставување на отворени комуникациски канали и единствен централен ИТ систем, кој обезбедува детали за ризиците и за системите;
- Подобрена отчетност и зајакнат интегритет на инспекциските служби од централната власт преку воспоставување на ефективни и ефикасни механизми;
- Подобрена координација на инспекциските активности и стандардизирани повратни информации;
- Зголемување на правната сигурност на субјектите на инспекцискиот надзор;
- Електронска распределба на надзори по инспектори, следење на реализацијата на надзорите и генерирање на записници и решенија, генерирање на месечни планови, шестмесечни извештаи и други типови на извештаи, за секоја инспекциска служба;
- Електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби под јурисдикција на Инспекцискиот совет,
- Подобрување на институционалните капацитети и зголемување на меѓуинституционалната соработка.

Придобивките од овој систем се подеднакво важни како за субјектите на надзор, така и за самите инспектори и инспекциски служби, бидејќи со неговото користење ќе се намали субјективното влијание на инспекторот, а со тоа и можноста за коруптивно однесување. Преку интегрирање на листите за проверка, инспекцискиот надзор ќе биде многу

пообјективен, унифициран и без можност за манипулација, со што ќе се зголеми правната сигурност и довербата на граѓаните во севкупниот инспекциски систем.

Системот е-Инспектор е поврзан на Платформата за интероперабилност, која овозможува меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци помеѓу државните органи и институции, за што на 27.07.2020 година, Инспекцискиот совет и Министерството за информатичко општество и администрација, склучија Договор за воспоставување на пристап за поврзување на повеќе посредни корисници на единствената околина преку единствен комуникациски клиент.

Првата пилот фаза на системот е-Инспектор, со поддршка на УСАИД - Проектот за Модернизација на инспекциските служби е целосно завршена и во него се имплементирани три инспекторати под надлежност на Инспекцискиот совет, коишто веќе го користат системот е-Инспектор при спроведувањето на вонредните надзори. Овие три инспекциски служби ќе започнат да го користат е-Инспектор при спроведувањето на редовните инспекциски надзори во 2024 година, со донесувањето на Годишниот план за работа на инспекциските служби, којшто треба да се достави до Советот најдоцна до 15ти ноември тековната година, за наредната година. По давањето на согласноста на планот од страна на Советот, најдоцна до 15ти декември, истиот ќе се вметне на системот и ќе се овозможи повлекување на планираните редовни надзори и нивно целосно спроведување преку е-Инспектор.

Владата на РСМ го усвои Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати и веќе во февруари 2022 започна реализацијата на втората фаза на проектот е-Инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), а со цел развој на нови тринаесет модули за тринаесет инспекциски служби. За таа цел се потпишаа договорите за користење на единствен комуникациски клиент за поврзување на единствената околина интероперабилност помеѓу Инспекцискиот совет и 13-те инспекциски служби кои треба да влезат во продукција во март 2024 година.

Инспекцискиот совет, согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030, покрај развивањето на е-Инспектор, преку унифицирање на веб страните на инспекциските служби и поврзување на веб страните на инспекциските служби со системот е-Инспектор ќе овозможи поголема транспарентност во работењето на инспекциските служби, односно:

- Поголема функционалност на веб страниците на инспекциската служба, со постоење на линкови до обрасци поврзани со прописите со кои е утврдено нивното постоење, а особено водичи или упатства за нивно пополнување и поставување на истите на доволно видливи места;
- Автоматизирано објавување на сите документи (записници и решенија од спроведени инспекциски надзори, месечни планови за инспекциски надзори, годишни планови за инспекциски надзори, шестмесечни извештаи за инспекциски надзор, годишен извештај за работа на инспекциските служби и други типови на извештаи ) кои се

внесуваат во системот е-Инспектор директно на веб страниците на инспекциските служби, а се објавуваат согласно закон;

- Поставување на вооедначени веб страници, почнувајќи од нивниот дизајнот, па се до видот на податоци кои ја сочинуваат нивната содржина, со што ќе се овозможи олеснување на пребарувањето од страна на субјектите коишто се заинтересирани да го усогласат своето работење согласно сите прописи кои треба да ги применуваат, а над чија примена, надзор спроведуваат различни инспекциски служби;
- Овозможување на лесна достапност и целосност на информациите кои ги обезбедуваат инспекциските служби, а се наменети за граѓаните.

## 3.6. Јакнење на интегритетот на вработените

Интегритетот подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени. Ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат можностите од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Инспекцискиот совет континуирано работи на развојот на политики и системи со цел зајакнување на интегритетот на лично и институционално ниво, со цел одржување и развивање на довербата во јавноста. Советот се стреми кон обезбедување поддршка на неговите вработени во извршување на професионалните задачи преку неговото раководство, кое активно го промовира јакнењето на интегритетот. Исто така, спроведува политики за управување со човечки ресурси, кои не се насочени само кон регрутирање на вистинските луѓе, туку и кон подобрување на вештините на вработените и обезбедување квалитетна работна средина, која го препознава, поддржува и вреднува трудот на вработените. Со високиот стандард на работа и интегритет од вработените се очекува високо ниво на интегритет на институцијата во спроведувањето на политиките кои даваат поддршка и овозможуваат развој и надградба.

Државната комисија за спречување со корупција, на почетокот на 2022 година, започна со пилотирање на процесот на имплементација на системот на интегритет како темел на доброто управување во државните институции, а Инспекцискиот совет беше една од петте избрани пилот институции кои ќе започнат со целосна имплеметнација на овој систем. Така, на 27.02.2022 година, Инспекцискиот совет донесе Политика за интегритет и назначи лице за интегритет кое ќе учествува во програмата за обука и менторирање на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Со цел воспоставување и зајакнување на Системот за интегритет во Инспекцискиот совет, Советот во текот на 2022 година, покрај веќе постоечките внатрешни процедури кои регулираат дел од елементите за интегритет, донесе Процедура за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Инспекцискиот совет, Правила за постапување со подароци, погодност и гостопримства и измени и дополни неколку постоечки внатрешни процедури со цел зајакнување на Системот за интегритет во Инспекциски совет. Во текот на 2024 година планирано е да се подобрува Системот на интегритет преку имплеметација на ISO систем за

управување со квалитет, како и дополни и измени на останатите внатрешни процедури на Инспецкискиот совет и организирање на обуки за вработените за Системот на интегритет.

Во Инспекцискиот совет се имплементира и доследно се применува Законот за заштита на укажувачи. Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува работењето на институцијата.

Покрај усвоената Процедура за заштитено внатрешно и надворешно пријавување, во Инспекцискиот совет има назначено овластено лице за прием на пријава од укажувачи. Целта на процедурата е да се пропише постапката за заштитено внатрешно и надворешно пријавување, како и постапувањето и должностите на овластено лице во врска со заштитеното пријавување.

Во Инспекцискиот совет исто така, согласно член 50, став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр.90/09, 188/13, 192/15 и 147/17) и член 5, став 1 од Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, донесена од Владата на Република Македонија на 03.05.2011 година, е назначено лице кое известува за неправилности и сомнежи за измама и корупција. Назначеното лице известува за неправилности и сомнежи и за измама и корупција е должно за истите коишто ќе ги утврди, да презема мерки и за тоа да ги известува: Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии-Управата за финансиска полиција и Финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземените мерки во писмена форма го известува и лицето кое укажало на неправилностите или измами, освен во случај на анонимна пријава.

Претседателот и членовите на Советот, како носители на јавни функции го имаат потпишано Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

Со Кодексот се уредува начинот на однесување и работење на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министрите, замениците на министрите и другите носители на извршни функции именувани од Владата на Република Северна Македонија, заради обезбедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, ефикасноста, лојалноста, одговорноста, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, при вршење на нивните функции, односно должности во рамките на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

Цел на кодексот е обезбедување јакнење на интегритетот на Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, како и на правните лица основани од Владата и јакнење на довербата на граѓаните во нивната работа.

Носителите на извршни функции во вршењето на својата функција се придружуваат на основните принципи на овој кодекс и стандардите на однесување, како што се:

- владеењето на правото,
- остварувањето на јавниот интерес,
- заемното почитување и заштитата на угледот на Владата и институциите,
- соработката, ефикасноста и економичноста,
- отчетноста, транспарентноста и респонзивноста,
- вклученоста, ориентираноста кон консензуалност и
- одговорност.

Носителите на извршни функции ги вршат своите јавни овластувања и должности во согласност со Уставот, законите, другите прописи донесени врз основа на закон и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија. Носителите на извршните функции осигуруваат дека сите кои работат под нивна надлежност се еднакво одговорни пред Уставот и законот, а Уставот и законите се спроведуваат еднакво за сите.

Работата на претседателот и шесте членови на Советот, е поддржана од стручно-административната служба, која во своето работење се раководи според Етичкиот кодекс за административни службеници со којшто се пропишуваат етичките стандарди и правилата на однесување на административните службеници. Целта на овој кодекс е поттикнување на доброто постапување и однесување на административните службеници и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на институциите на јавниот сектор, со што ќе се придонесе за отстранување на можноста за појава на корупција. Етичките стандарди и правилата на однесување административниот службеник ги применува во односите со колегите, со претпоставените и со странките, на неговото работното место, но и во приватниот живот и јавноста.

## 3.7. Воспоставување на систем за заштита на личните податоци

Политиката за воспоставување на систем за заштита на личните податоци, има за цел да го утврди начинот на постапување на Инспекцискиот совет, како и на неговите вработени и ангажирани лица кои ги обработуваат личните податоци, со цел да се исполнат стандардите и начелата поврзани со обработката на личните податоци. Притоа со Политиката се опфатени и процесите на управување со системот за заштита на личните податоци при нивната обработка од страна на Инспекцискиот совет.

Инспекцискиот совет во рамките на својот делокруг на работење, а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на прибирање, обработка, одржување, управување, користење, дистрибуција, издавање и единствен пристап кон податоците, врши собирање, чување и обработка на лични податоци. Субјектите на лични податоци се физичките и правни лица кои во соодветна и пропишана постапка имаат потреба да ги остварат своите права и обврски за коишто Инспекцискиот совет има законски утврдена дадлежност за постапување.

При обработката на личните податоци задолжителна е примена на законските и подзаконските прописи за заштитата на личните податоци, особено на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/2020) и на подзаконските акти донесени врз основа на истиот. Обработката на личните податоци се

врши со задолжително почитување на начелата за законитост, правичност и транспарентност.

Во Инспекцискиот совет е определено и овластено лице за заштита на личните податоци, односно офицер за заштита на личните податоци, кое е задолжено да го информира и советува Инспекцискиот совет и вработените во Советот кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од Законот за заштита на личните податоци, да ја следи усогласеноста со Законот за заштита на личните податоци со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, да соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци и сл.

Исто така, во Инспекцискиот совет е определено и овластено лице за за сигурност на информацискиот систем (администратор на информацискиот систем) кое е задолжено за планирање и примена на техничките и организациските мерки за безбедност на личните податоци утврдени од страна на Инспекцискиот совет, за контрола на обезбедувањето тајност и заштита на обработката на личните податоци, да ги ажурира привилегиите за авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко комуникациската опрема на одреден временски период, да ја хостира посебната електронска пошта за контакт и пријавување на инциденти или појави на невообичаени настани што можат да влијаат на информациите и комуникацијата на системите на Инспекцискиот совет, да управува со системот за евиденција за пристап до информацискиот систем, да го известува раководството на Инспекцискиот совет за секоја аномалија или безбедносен инцидент, да овозможува пристап до интернет преку овластен провајдер согласно анализата на ризик и согласно одлуката на раководството го ограничува пристапот до интернет со блокирање на сите несуштински услуги и сервиси, да одговара за сервер просторијата и оперативните сервери на кои се врши централна обработка на личните податоци од страна на сите вработени во Инспекцискиот совет, да се грижи за примена на мерки за минимизирање на ризиците од можни напади и сл.

## 3.8. Спроведување на активностите од Националната стратегија за борба против корупцијата 2021-2025

Инспекцискиот совет ја продолжи интензивната соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Советот како дел од Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, е назначен за надлежна институција заедно со ресорните министерства кои имаат инспекциски служби, како вклучени институции, да ја спроведат активноста Анализа на законските надлежности на инспекциските служби, чија цел е јакнење на надзорните и контролните механизми, преку прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби. Со спроведување на оваа Анализа ќе се реши проблемот на нејасно и непрецизно утврдени надлежности и преклопување на надлежностите помеѓу инспекторатите. За таа цел, односно прецизирање и разграничување на надлежностите на инспекциските служби, Инспекцискиот совет побара

од сите инспекциски служби коишто се под надлежност на Советот, да достават конкретни предлози за измена на материјалните закони по кои постапуваат и во кои детектирале преклопувања на надлежности со други инспекциски служби. По добиените податоци Инспекцискиот совет во вториот квартал на 2023 година изготви Извештај во врска со преземените активности согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 и истиот го достави до ДКСК.

## 3.9. Зголемување на транспарентноста на институцијата и пристап до информации од јавен карактер

Советот се стреми кон високо ниво на транспарентност, односно ги објавува сите извештаи, планови и настани на својата веб страна, а исто така и секоја недела објавува соопштенија за јавноста во кои се наведени сите заклучоци и одлуки, произлезени од одржаните седници на Советот.

Инспекцискиот совет обезбедува вистинити, соодветни , навремени и целосни информации на граѓаните и правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.

Покрај тоа, на веб страната на Инспекцискиот совет е вграден таб којшто е наменет за објавување на информациите од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на кој навремено и континуирано се објавуваат Решенијата од пристигнатите Барања за пристап до информации од јавен карактер.

Инспекцискиот совет и понатаму ќе продолжи со своето транспарентно работење и ќе стои на располагање пред граѓаните за сите информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

## 3.10. Спроведување и надзор на јавните набавки

Со цел да се заштити јавниот интерес и да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, потребно е да се постигне високо ниво на транспарентност на процесот на спроведување на јавните набавки, односно зголемување на ефикасноста на јавните набавки и зголемување на личниот интегритет на лицата вклучени во нивното спроведување.

Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата. Од особено значење е да се почитуваат основните начела на јавните набавки како што се:

- Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства
- Начело на конкуренција помеѓу економските оператори
- Начело на транспарентност
- Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори

– Начело на сразмерност

Оттука неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика.

Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени, во Инспекцискиот совет донесени се интерни процедури за јавни набавки, и тоа:

- Процедура за постапката и начинот на вршење на набавките, со вредност под вредносните прагови;
- Процедура за постапката и начинот на вршење на јавните набавки и реализација на договорите.

Со овие процедури се зајакнува контролата и надзорот врз спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите и на тој начин се елиминира можноста за коруптивно однесување при спроведувањето на јавните набавки во Инспекцискиот совет.

Инспекцискиот совет секоја година донесува План за јавни набавки, кој се објавува на веб страната на Советот и во кој се планирани непоходните набавки кои овозможуваат непречено и континуирано работење на Советот и исполнување на неговите законски надлежности.

## 3.11. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка со домашни и странски институции во борбата против корупцијата и криминалот

Инспекцискиот совет како координативно тело, во континуитет спроведува активности за спречување на корупцијата и унапредување на севкупниот инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, што вклучува интензивна комуникација и соработка со домашни и странски институции и организации. Во таа насока остварени се следните резултати:

- **Потпишан Меморандум за размена на информации со Управата за јавни приходи**

Меморандумот предвидува Советот да доставува до УЈП информации, податоци и документација за констатирани состојби од страна на инспекциските служби, надлежни за спроведување на Законот за забрана и спречување на нерегистрирана дејност, заради утврдување и пресметување на даночните обврски, додека УЈП, пак, до Советот доставува информации за нерегистрирано вршење на дејност од страна на субјекти при вршење на контроли согласно своите надлежности.

- **Донесена Комуникациска стратегија за реформите во инспекцискиот систем во Република Северна Македонија**

Инспекцискиот совет на 155-та седница одржана на 23.1.2020 година ја разгледа и донесе Комуникациската стратегија за реформите во инспекцискиот систем на Република Северна Македонија. Целта на Стратегијата е да се врати довербата на граѓаните и бизнис секторот

во инспекциските органи, кои со зајакнати и реформирани капацитети ќе ја унапредат и примената на регулативата, како и заштитата на правата на целните групите.

### ❖ Потпишан Договор за деловна соработка со Централен регистар на РСМ

Целта на договорот е дигитализација и автоматизација на инспекциската постапка и работењето на инспекциските служби. Со оваа соработка, преку информацискиот систем Е-Инспектор, им се овозможува на инспекциските служби како посредни корисници на податоци, пристап до точни и ажурни информации за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор во рамките на нивните законски надлежности.

### ❖ Соработка со Кабинетот на заменик претседателот на ВРСМ задолжен за политики за добро владеење

Инспекцискиот совет одржува редовна, интензивна и продуктивна соработка со Кабинетот на ЗПВРСМ, заради подобрување на координацијата, утврдување на механизми за олеснување на меѓуинституционалната комуникација, со цел зголемување на ефикасноста на антикорупцискиот систем во целина.

Имено, со оглед на тоа што дигитализацијата е една од приоритетите за кои што се залага Кабинетот, Инспекцискиот совет постојано добива поддршка во развивањето на платформата е-Инспектор. Советот редовно одржува состаноци со Кабинетот, на коишто се разговара и следи развивањето на системот е-Инспектор и се разгледуваат можностите за неговиот понатамошен развој.

Покрај тоа, во соработка со Кабинетот се следи и исполнувањето на активностите на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, со тоа што Советот редовно доставува извештаи за степенот на исполнетост на активностите.

### ❖ Соработка со Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК)

Советот успешно и континуирано соработува со ДКСК на сите полиња од заеднички интерес. Имено, како резултат на успешната соработка меѓу Советот и ДКСК во Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година беше вклучена нова тема: Спречување на корупцијата, која Советот ја изработи во соработка со ДКСК. Оваа обука инспекциските служби можеа да ја вклучат во Годишниот план за индивидуално и стручно усовршување и обука на инспекторите, како една од најмалку трите генерички обуки коишто се вклучуваат од Годишната програма.

Советот на 31.03.2022 година склучи Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Целта на овој Меморандум е промовирање на соработка и размена на меѓусебни искуства, координација и водење заеднички договорени активности во согласност со законските надлежности на двете Страни, особено преку:

1. Соработка и постојан дијалог за размена на знаења и практични искуства во областа на превенцијата и репресијата на корупцијата и судирот на интереси, и јакнењето на личниот и институционалниот интегритет;

2. Организирање на работни средби за размена на позитивни практики и информации за зајакнато функционирање на Државната комисија и Советот, како и нивните стручни служби;

3. Размена на податоци и позитивна пракса при постапување по предмети од областите на законска надлежност на Државната комисија и Советот;

4. Подготвување, организација и спроведување на обуки за инспекторите вработени во инспекциските служби под јурисдикција на Советот;

5. Други активности, со кои на партнерска основа, може да се остваруваат целите на Меморандумот.

- **Соработка со ЕБОР**

Соработката на Инспекцискиот совет со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) продолжи и во 2023 година, а истата се очекува да заврши во март 2024 година. Имено, во февруари 2022 година започна со реализација проектот е-Инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од ЕБОР, чија основна цел е целосна автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13 инспекциски служби. Се очекува проектот да заврши со почетокот на март 2024 година, со што е-Инспектор би бил целосно оперативен, односно инспекциската постапка и надзорот инспекторите ќе ги спроведуваат преку системот.

Сите предвидени активности во рамки на проектот се реализирани во предвидените рокови. Во моментот, четири инспекторати (Државен управен инспекторат, Државен пазарен инспекторат, Државен трудов инспекторат и Државен санитарен и здравствен инспекторат) функционираат на продукциската околина, што значи дека инспекциските надзори ги спроведуваат преку е-инспектор.

До формално завршување на проектот, инспекторите од сите инспекторати кои се на тестната околина, го тестираат системот. Целта на оваа активност е отстранување на сите технички недостатоци и подобрување на функционалностите на системот. Кон крајот на месец февруари, инспекторатите ќе бидат поставени од тестна на продукциска околина, и со таа активност автоматски ќе се заврши проектот, односно 16 инспекциски служби ќе го спроведуваат инспекцискиот надзор преку е-инспектор. Согласно Договорот за соработка, ИТ компанијата која го развиваше системот има обврска уште една година по завршување на проектот, да го одржува системот.

Дополнително, од досегашната соработка со ЕБОР, во рамки на проектот се изработија листи за проверка. Со цел да се испита задоволството и ефектот кој го имаат листите за проверка врз субјектите на надзор, од страна на проектниот координатор се подготви Анкетен прашалник, со 17 прашања. Прашалникот беше анонимен и доставен до субјектите на надзор преку 4те стопански комори (Сојуз на стопански комори, Стопанска комора на Северна Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија и МАСИТ). Прашалникот беше доставен до неодреден број на субјекти на надзор, а се добија повратни одговори од вкупно 108 субјекти на надзор (правни лица). Врз основа на одговорите од прашалникот се изработи Анализа за употребата и влијанието на Листите за проверка при спроведувањето на инспекцискиот надзор. Од Анализата произлегоа препораки за инспекциските служби, кои

беа доставени до сите инспекциски служби од страна на ИС, со цел да се земат во предвид. Дополнително, Советот достави допис со укажување до Државниот управен инспекторат при спроведување на инспекциски надзор, а во врска со примената на Законот на инспекциски надзор да обрне посебно внимание за соодветната примена на одредбите кои се однесуваат на обврската за доставување на Листите за проверка, и воедно ги објави Корисните информации за употребата, улогата и значењето на листите за проверка на својата веб страница.

- **Соработка со Центарот за развојни политики - Идеас Депо и УСАИД**

Инспекцискиот совет во мај 2022 година започна соработка со Центарот за развојни политики - Идеас Депо, за реализација на Активноста - Техничка помош за инспекциските реформи, поддржана од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Со цел подобрување на ефикасноста и координацијата на испекциските служби кои се под ингеренција на Инспекцискиот совет, во рамките на проектот беа договорени следните активности:

- Анализа на потенцијални „жешки точки" за појава на корупцијата во работењето на инспекциските служби
- Изработка на Наставна програма за генеричка обука – Интегритет на инспектори (План за обука, Прирачник за обучувачи, Прирачник за инспектори со вежби, Презентација на Систем на интегритет во инспекциските служби, Квиз за интегритет), како и подготовка на SCORM електронска обука на македонски и албански јазик, кои ќе бидат поставени на ЛМС системот на Инспекцискиот совет.
- Изработка на видеоспот за е-Инспектор и 5 инфографици (што е Е-Инспектор, Кои се придобивките на е-Инспектор, е-Инспектор функционира преку, Улога и надлежности на Инспекцискиот совет и Поднеси претставка) на македонски и албански јазик.
- Подготовка на Стратешки насоки за организација и работа на инспекциските служби
- Подготовка на Извештај за предлог измените на Законот за инспекциски надзор.

Во рамките на Проектот, согласно планираните проектни активности и согласно утврдената временска рамка и динамика, беа целосно реализирани договорените активности, односно изработени се:

- *Анализа на потенцијални „жешки точки" за појава на корупцијата во работењето на инспекциските служби*

За оваа активност се идентификуваа коруптивни точки кај три избрани инспекторати, односно Државниот инспекторат за животна средина, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Државниот пазарен инспекторат и воедно се анализираше и Националната стратегија за борба против корупцијата.

- *Наставна програма за генеричка обука – Интегритет на инспектори (План за обука, Прирачник за обучувачи, Прирачник за инспектори со вежби, Презентација на Систем на интегритет во инспекциските служби, Квиз за интегритет), како и подготовка на SCORM електронска обука на македонски и албански јазик, и истите се поставени на ЛМС системот на Инспекцискиот совет.*

Во однос на горенаведените две активности на 2 и 3 јуни 2022 година во Охрид се одржа Форум - Анализа на корутивните точки во инспекциската постапка и интегритет на

инспекторите. На Форумот, активно учество земаа претседателот и членовите на Инспекцискиот совет, инспектори од инспекторатите (ДИЖС, ДПИ и ДСЗИ), претставници од Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење и претставници од Министерството за информатичко општество и администрација. По одржување на Форумот, согласно Програмата за генерички обуки на инспектори се изработи Наставна програма за интегритет на инспекторите и истата е вградена во Програмата за генерички обуки за 2023 година, која Советот ја донесе во јуни 2022 година. СКРОМ обуките на македонски и на албански јазик се поставени на ЛМС системот на Инспекцискиот совет.

- *Стратешки насоки за организација и работа на инспекциските служби*

- *Извештај за предлог измените на Законот за инспекциски надзор*

За горенаведените две активности на 29 и 30 јуни во Охрид се одржа Форум - Стратешки насоки во инспекцискиот надзор и примена на Законот за инспекциски надзор, за чии потреби, Инспекцискиот совет прибави мислења за досегашната имплементација на Законот за инспекциски надзор од сите инспекциски служби, односно неговите добри и лоши страни, воочени проблеми и недостатоци при примената, корисноста на чек листите, влијанието на методологиите за проценка на ризик (нивната корисност при планирањето и подготовката на Годишниот и месечните планови), соработката меѓу инспекциските служби и субјектите на надзор, како и други воочени проблеми. На Форумот, активно учество земаа претседателот и членовите на Инспекцискиот совет, инспектори од инспекциските служби, претставници од Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, претставници од Министерството за информатичко општество и администрација и претставници на четири Стопански комори од Република Северна Македонија, односно Сојузот на стопанските комори на Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии и Стопанската комора на Северо-западна Македонија.

- *Видеоспот за е-Инспектор и 5 инфографици (што е е-Инспектор, кои се придобивките на е-Инспектор, е-Инспектор функционира преку, Улога и надлежности на Инспекцискиот совет и Поднеси претставка) на македонски и албански јазик.*

Во однос на оваа активност, изработени се сите наведени материјали и истите се поставени на веб страната на Инспекцискиот совет.

- **Соработка со Министерството за информатичко општество и администрација**

Во текот на 2022 година Министерството за информатичко општество и администрација започна активности за изработка на новата Стратегија за реформа на јавната администрација (2023-2030). Инспекцискиот совет, како координативно тело на инспекциските служби, од јули 2022 година е вклучен во креирање на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), во III Приоритетна област- Одговорност, отчетност и транспарентност, со следните мерки и активности:

- Мерка 1 - Целосно воспоставување и развој на електронскиот систем за дигитализација на инспекциската постапка и инспекциското работење – „е-Инспектор"

Активност 1 - Развој на модули за вклучување на 13 приоритетни инспекциски служби во електронскиот систем „е-Инспектор".

Активност 2 - Развој на модули за вклучување на останатите 12 инспекциски служби во електронскиот систем „е-Инспектор".

Активност 3 - Осовременување на хардверска подготовка на останатите 12 инспекциски служби.

Активност 4 - Развој на останатите процеси (модули) од електронскиот систем: Управување со задачи, Управување со средства, Управување со претставки и предлози, Управување со човечки ресури, Подготовка и одобрување на други документи.

- Мерка 2 - Зголемена транспарентност на инспекциските служби

Активност 1 - Унифицирање на веб страните на инспекциските служби

Активност 2 - Поврзување на веб страните на инспекциските служби со системот е-Инспектор

Во текот на 2024 година, согласно Нацрт-решението за формирање на меѓуресорска работна група за спроведување на оценска мисија согласно начелата на јавната администрација на СИГМА во 2024 година, Инспекцискиот совет како дел од тематската област Креирање на политики и координација, активно учествува во спроведување на оценската мисија.

- **Соработка со Министерство за труд и социјална политика**

Во октомври 2022 година, Министерството за труд и социјална политика -Сектор за политика од областа на трудово право и политика на вработување достави барање на информции во врска со Конвенцијата за трудова инспекција, 1947 (бр.81), Конвенцијата за трудова инспекција (земјоделство), 1969 (бр.129) и Конвенцијата за администрација за трудот, 1978 (бр.150). Во барањата беше наведена потребата од давање на информации, статистики и активности на терен во однос на примената на Законот за инспекција на труд и Законот за инспекциски надзор согласно горенаведените Конвенции. Инспекцискиот совет, претставници од ИС како и директорите на Државниот инспекторат за труд и Државниот инспекторат за земјоделство, одржаа координативен состанок со претставници од Министерството за труд и и социјална политика по однос на ДИРЕКТНОТО БАРАЊЕ (од Комитетот CEACR) – усвоено во 2021 година, а објавено на 110-та седница на Меѓународната Организација на Труд (во 2022 година) Република Северна Македонија. Конвенција за трудова инспекција, 1947 година (бр. 81) (Ратификација: 1991 година), Конвенција за трудова инспекција (земјоделство), 1969 година (бр. 129) (Ратификација: 1991 година) и Конвенција за администрација на трудот, 1978 година (бр. 150) (Ратификација: 2013 година), доставено за одговор до Инспекциот совет. Воедно на состанокот беше договорена и идна меѓусебна соработка со МТСП по однос на ова прашање.

Инспекцискиот совет по одржана седница достави одговорот на ДИРЕКТНОТО БАРАЊЕ до МТСП – Сектор за политика од областа на трудово право и политика на вработување.

- **Соработка со Институтот за демократија – Социетас Цивилис Скопје**

Инспекцискиот совет е вклучен во проектот „Поттикнување на јавната дебата за отчетност" на Институтот за демократија – Социетас Цивилис Скопје, поддржан од Националниот фонд за демократија. Советот активно учествуваше на работилниците кои се организираа од страна на Институтот, а кои се однесуваат на стратешкото справување со идните антикорупциски предизвици.

Покрај тоа, Советот е активно вклучен во мониторингот на имплементацијата на антикорупциски политики направени во Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот пазарен инспекторат, од страна на Институтот за демократија и одржува редовни средби со негови претставници, во насока на продолжување на веќе успешната соработка.

- **Соработка со НВО Инфоцентар и партнерските организации**

Во рамките на проектот „Локални инспекциски служби во интерес на граѓаните", во организација на НВО Цивика мобилитас, НВО Инфоцентар и НВО Спектар се реализираа шест (6) Работилници по планските региони, и тоа во: Штип, Велес, Битола, Струмица, Тетово и Скопје ( во Куманово и Струга работилниците се одржаа во 2021 година). На работилниците предавач за Законот за инспекциски надзор беше членот на Инспекциски совет, Благоја Гешоски кој исто така учествуваше и на завршната дебата на овој проект со наслов на тема „Закон за инспекциски надзор и локалните инспектори – придобивки и предизвици". На 8-те работилници активно учествуваа 186 општински инспектори од 46 општини од сите осум плански региони.

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

| ед. бр. | Мерка | Активност | Носител/надлежност | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|
| | Планирање врз основа на проценка на ризик | Проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба и во себе вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според методологија за проценка на ризик | Раководител на инспекциска служба/Инспекциски совет | Континуирано |
| | Листи за проверка | Листата за проверка е стандардизирана алатка за организација, планирање и спроведување на ефективен и ефикасен инспекциски надзор, која обезбедува транспарентност во постапката за инспекциски надзор. Листата за проверка има и едукативна цел, односно на субјектот на надзор му овозможува запознавање со конкретните законски обврски и барања за усогласеност и влијае врз зголемување на информираноста и свесноста кај субјектите на надзор и нивното доброволно усогласување. | Инспекциска служба/Инспекциски совет | Континуирано |
| | Стручно усовршување и обука на инспектори | Обезбедување на обуки на инспекторите, со цел стекнување со нови и современи знаења и | Инспекциски совет/Сектор за обуки/Инспекциски служби | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | вештини, кои се од суштествено значење за нивната работа и кои значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација. | | |
| 4 | Постапување по претставки од физички и правни лица | Инспекцискиот совет, во согласност со законските надлежности, секојдневно постапува по претставки од физички и правни лица, кои се поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и субјектите на инспекциски надзор. | Инспекциски совет/ Одделение за следење и координација на инспекциските служби | Континуирано |
| 5 | Автоматизација на инспекциското работење преку електронскиот систем „е-Инспектор“ | Воспоставување на една „точка на контакт“, размена на информации преку воспоставување на отворени комуникациски канали и единствен централен ИТ систем, кој обезбедува детали за ризиците и за системите, отчетност и зајакнат интегритет на инспекциските служби од централната власт преку воспоставување на ефективни и ефикасни механизми, координација на инспекциските активности и стандардизирани повратни информации, електронска распределба на надзори по инспектори, следење | Инспекциски совет/инспекциски служби | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на реализацијата на надзорите и генерирање на записници и решенија, генерирање на месечни планови, шестмесечни извештаи и други типови на извештаи, за секоја инспекциска служба, електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби под јурисдикција на Инспекцискиот совет | | |
| 6 | Јакнење на интегритетот на вработените | Обезбедување на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени и континуиран развој на политики и системи со цел зајакнување на интегритетот на лично и институционално ниво, со цел одржување и развивање на довербата во јавноста | Инспекциски совет/ лице за интегритет/овластено лице за прием на пријава од укажувачи/лице кое известува за неправилности и сомнежи за измама и корупција | Континуирано |
| 7 | Воспоставување на систем за заштита на личните податоци | Прибирање, обработка, одржување, управување, користење, дистрибуција, издавање и единствен пристап кон податоците, чување и обработка на лични податоци | Инспекциски совет/ офицер за заштита на личните податоци/ администратор на информацискиот систем | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Спроведување на активностите од Националната стратегија за борба против корупцијата 2021-2025 | Анализа на законските надлежности на инспекциските служби, чија цел е јакнење на надзорните и контролните механизми, преку прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби | Инспекциски совет/овластени вработени лица за спроведување на националната стратегија | Континуирано |
| 9 | Зголемување на транспарентноста на институцијата и пристап до информации од јавен карактер | Обезбедување вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и правните лица, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци | Инспекциски совет/овластени вработени лица за посредување со информации од јавен карактер | Континуирано |
| 10 | Спроведување и надзор на јавните набавки | Подготовка на план за јавни набавки, изработка на тендерски документации, спроведување на јавни набавки, ажурирање на податоците кои согласно со закон се доставуваат во ЕСЈН и други работи согласно со Законот за јавните набавки | Инспекциски совет/овластени вработени лица за вршење на работи од областа на јавните набавки | Континуирано |
| 11 | Зајакнување на меѓуинституционалната соработка со домашни и странски институции во борбата против корупцијата и криминалот | Спречување на корупцијата и унапредување на севкупниот инспекцискиот систем во Република Северна Македонија | Инспекциски совет/ домашни и странски институции и организации | Континуирано |